Република ... Македонија
Republika e ... e Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 04-517/4
20 6 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 3, член 5, став 1 и 2, член 6, став 1 и 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 199/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.167/15 - преч.текст, 27/16 и 120/18и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-688/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр.01-429/1 од 16.05.2025 година, Правилник за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Македонија со бр. 01-689/1 од 19.06.2018 година, и неговата измена бр. 01-430/1 од 16.05.2025 година, и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 242/2024), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на установата бр.01-456/1 од 13.08.2020 година и Правилниците за измена и дополнување бр. 01-869/1 од 16.11.2021 година и бр.01-859/1 од 23.09.2022 година, Известувањата од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства со архивски бр. 19-6626/2 од 17.06.2025 година (наш бр. 04-517/2 од 20.06.2025) и Одлуката за објавување на јавен оглас бр. 04-517/3 од 20.06.2025, Национална Установа Кинотека на Република Северна Македонија, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС БР.02/2025

## за вработување на неопределено работно време за едно (1) лице

I.НУ Кинотека на Република Северна Македонија, има потреба од вработување на 1 (едно) лице, помошно техничко-лице, на неопределено време, за следново работно место:

1. КУЛ 04 01 Б01 002, Билетопродавач, 1 (еден) извршител
   Посебни услови: најмалку средно четири годишно образование, односно тригодишно средно образование (средно економско/ средно електро-техничко образование)
   Работно искуство: со или без работно искуство
   Паричен нето износ на плата 34.294,00 денари

II. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве **општи услови**:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

III. Распоред на работно време

- Работата се извршува во смени и тоа:
  I смена - од понеделник до петок од 07:30/08:30 часот до 15:30/16:30 часот
  II смена – од понеделник до петок од 15:00/15:30 часот до 22:00/22:30 часот и сабота од 17:00/17:30 до 22:00/22:30 часот.

Рокот за доставување на пријавата со потребните документи изнесува 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот весник и на интернет страната на Кинотека (www.kinoteka.mk). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на НУ Кинотека на Република Северна Македонија (секој ден од 9,00 до 14,00 часот) или да се симне од интернет страната www.kinoteka.mk. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи **(во оригинал или копија заверена на нотар)** за исполнување на општите и посебните услови:

- Уверение за државјанство (не постаро од шест месеци);
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од шест месеци);
- Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од шест месеци);
- Доказ- Диплома/Уверение за завршено соодветно образование;

Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Пријавата со потребната документација во затворен плик кандидатите треба да ја достават директно во архивата на Кинотека (секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот) или по пошта во затворен плик со назнака „За јавен оглас за вработување бр.02/2025“ на адреса: НУ Кинотека на Република Северна Македонија, ул. Никола Русински бр.1, Скопје.

Лице за контакт: Фјола Зеќири Идризи, + 389 2 30 71 814

Ненавремените и неуредни пријави и документација нема да се разгледуваат. Проверка на пријавата и доказите, како и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. За кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази, ќе се спроведе интервју за кое кандидати преку електронска пошта ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување.

Изборот ќе се изврши во зависност од бројот на пријавените кандидати но не подоцна од рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.

НУ Кинотека на Република Северна Македонија

**ДИРЕКТОР**
Бошко Грујоски